Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 77 од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/25 и 135/25) и член 27 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 40/26 и 138/26), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 20 јули 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Се продолжува лиценцата за пробна работа од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "РОСОМАН 3" издадена на Друштвото за производство на електрична енергија РОСОВОЛТ ДОО Скопје со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ФЕЦ "РОСОМАН 3 ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 159/25 и 90/26).

2. Во Прилогот, во точка 4 зборовите "28 јули 2026 година" се заменуваат со зборовите "28 октомври 2026 година".

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство на електрична енергија РОСОВОЛТ ДОО Скопје, со седиште на ул. "Св. Кирил и Методиј" бр.52-3/7 Скопје - Центар (во понатамошниот текст: Друштво), на 8 јули 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за издавање на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "РОСОМАН 3" УП1 12-294/26 од 8 јули 2026 година.

Регулаторната комисија за енергетика, на Барање на Друштвото, соодветно има донесено Одлука за издавање на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од ФЕЦ "РОСОМАН 3 ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 159/25 и 90/26).

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во Прилог 1, Образец БЛ 21 од Правилникот за лиценци.

Друштвото има доставено Извештај од надзорен орган за подесување на далечинска комуникација со диспечерски центар на ЕВН во ТС во ТС 35(20)/0.4 kV, 1250+3x1000 kVA изработен од надзорен инженер за фаза електротехника Слободан Томиќ и Друштво за трговија, инженеринг,

проектирање и услуги МЕМБРАНИНГ ДОО Скопје, со седиште на бул. Партизански одреди бр. 29/1-кат 1 – лок 15 – ТЦ Буњаковец, Скопје.

Регулаторната комисија за енергетика согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-1171/2 од 20 јули 2026 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 20 јули 2026 година одржа седница на којашто врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 77 од Законот за енергетика* и член 27 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на лиценца за пробна работа на фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "РОСОМАН 3" издадена на Друштвото за производство на електрична енергија РОСОВОЛТ ДОО Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 12-294/26**
**20 јули 2026 година**
**Скопје**

**Претседател на**

**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и**

**услуги за управување со комунален отпад**

**на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**